ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0201-4001/1
05.11.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на РСМ” бр. 173/22), (во понатамошниот текст Закон) Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 02.11.2024 година и на ден 03.11.2024 година , донесе:

# С Т А Т У Т

на Институтот на сметководители и овластени сметководители
на Република Северна Македонија
- ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ -

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Статут се уредуваат називот и седиштето, остварување на јавност во работата, делокруг на работата на Институтот, членството во Институтот, правата и обврските на членовите, организацијата, составот, управувањето, начинот на избор, надлежностите и траење на мандатот, начинот на одлучување, правата и обврските на органите и комисии на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институт), престанок на членство во органите и комисиите на Институтот, финансирањето, водење на регистрите, начинот на изменување и дополнување на овој статут, на работењето на Институтот и други прашања од значење за работењето на Институтот.

### Член 2

(1) Институтот е професионално здружение на сметководители и овластени сметоводители.
(2) Институтот се основаа со цел унапредување на сметководствената професија и организирано делување на сметководителите и овластените сметководители на територијата на Република Северна Македонија.
(3) Институтот е независна, неполитичка и непрофитна организација, во која членуваат сметководители и овластени сметководители без оглед на нивната национална, верска, расна и друга припадност согласно Законот за вршење на сметководствени работи.
(4) Институтот има својство на правно лице со јавни овластувања. Статусот на правно лице го стекнува со упис во Регистарот на други правни лица кој се води во Централниот регистар.

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ

### Член 3

(1) Институтот својата дејност ја врши на територијата на Република Северна Македонија под називот: „Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија”.
(2) Скратениот назив на Институтот гласи: „ИСОС”.

(3) Називот на Институтот на англиски јазик е: „Institute of Accountants and Certified Accountants of the Republic of North Macedonia“, а кратенката гласи: „IACA“.
(4) „Седиштето на Институтот е во Скопје, на улица:„Св.Кирил и Методиј“ бр.20.

## ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

### Член 4

(1) Институтот има свој знак-лого, печат, штембил и жиг.
(2) Содржината, обликот и начинот на користење на знакот (логото) на Институтот ќе се уредат со општ акт донесен од Управниот одбор на Институтот.
(3) Печатот на Институтот е со тркалезна форма со пречник 35 мм, и го содржи следниот текст напишан на кирилица: Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија – Скопје, а на средината на печатот е испишан скратениот назив: ИСОС.
(4) Штембилот на Институтот е во правоаголна форма со димензии 45 х 30 мм, на кој е испишан текстот на кирилица: Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија – Скопје, празен простор за деловоден број и датум на актот што се прима или испраќа и во последниот ред стои: Скопје.
(5) Жигот на Институтот е со тркалезна форма со пречник 38мм, на кој е испишан текстот на кирилица: Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија – Скопје, а на средината на печатот е испишан скратениот назив: ИСОС.
(6) Формата и содржината на другите печати и штембили на Институтот, начинот на нивната употреба, како и ракувањето со печатите, штембилите и жигот на Институтот ќе се уредат со општ акт донесен од Управниот одбор на Институтот.

## ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА РАБОТАТА НА ИНСТИТУТОТ

### Член 5

(1) Работата на Институтот е јавна. Сите седници на собрание се јавни. Право на глас им припаѓа само на избраните членови на Собрание.
(2) Јавноста во работењето на Институтот се обезбедува преку информирање на членовите на веб страната во јавен и затворен дел, преку медиумите, и други форми на информирање.
(3) Актите и податоците од регистрите и извештаите и сите информации во интерес на членовите на Институтот се објавуваат на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа, од денот на усвојувањето, односно донсувањето, или нивното одобрување од страна на Советот, а согласно Законот за вршење на сметководствени работи.
(4) Записниците од работењето на Собранието на Институтот се чуваат во архивите на Институтот и се достапни до сите членови на нивно барање за увид.

## НАДЛЕЖНОСТИ И ЗАДАЧИ НА ИНСТИТУТОТ

### Член 6

(1) Делокругот на работа на Институтот го сочинуваат работите уредени со Законот за вршење на сметководствени работи (во натамошниот текст: Законот),

овој Статут и другите акти на Институтот. Институтот особено ги врши следниве работи:

1) води Регистар на сметководствени приправници, Регистар на сметководители, Регистар на овластени сметководители, Регистар на трговци поединци - сметководители, Регистар на трговци поединци - овластени сметководители, Регистар на друштва за вршење на сметководствени работи и Регистар на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување;
2) врши електронска размена на податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители со Централниот регистар за цели на потпишување на годишната сметка и на финансиските извештаи;
3) врши електронска размена на податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители со Управата за јавни приходи за цели на поднесување на даночните пријави;
4)Поднесува барања за редовно ажурирање—на податоците на вршителите на сметководствени работи, трговци поединци – сметководители, трговци поединци – овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи;
5) врши редовна контрола на тековното ажурирање на податоците на вршителите на сметководствени работи, трговци поединци – сметководители, трговци поединци – овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи со достава на документација или преку платформата на веб страницата на институтот.
6) врши контрола на работењето на вршителите на сметководствени работи, трговците поединци - сметководители, трговците поединци - овластени сметководители и друштвата за вршење на сметководствени работи;
7) организира и спроведува испит за стекнување статус на сметководител односно овластен сметководител;
8) издава уверение за сметководител и уверение за овластен сметководител; 9) издава и одзема лиценци за работа на трговци поединци - сметководители, трговципоединци - овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи;
10) одлучува по барањата за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;
11) организира и спроведува испит за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;
12) издава одобренија на правни лица кои ќе спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот;
13) организира меѓународни и домашни симпозиуми од областа на сметководството;
14) ја следи примената на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC;
15) ги преведува МСФИ и МСФИ за МСС;
16) соработува со други професионални тела во Република Северна Македонија и странство;
17) Донесува акти на Институтот;
18) врши други работи утврдени со закон

## ЧЛЕНСТВО, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 7**

(1) Член на Институтот е секое лице кое се стекнало со уверение за сметководител или овластен сметководител кое е запишан во Регистарот во сметководители, односно во Регистарот на овластени сметководители.

**Член 8**

(1) Членовите на Институтот го чуваат и унапредуваат угледот на сметководствената професија и на Институтот, совесно и професионално постапуваат во извршување на своите задачи пропишани со закон, и ги извршуваат своите обврски кон Институтот и неговите органи и комисии.

**Член 9**

(1) Членовите на Институтот ги остваруваат своите права и обврски непосредно и преку претставници од својата подружница во органите и комисиите на Институтот.

**Член 10**

(1) Секој член на Институтот има право:

1) да учествува во работата на Институтот,
2) да се запознае со содржината на актите на Институтот,
3) да биде избран за член на орган или комисија на Институтот,
4) да учествува во изборот на претставниците од својата подружница,
5) да дава иницијативи за остварување на работите и задачите на Институтот
6) да биде информиран за работата на сите органи и комисии на Институтот и
7) на други права утврдени со Законот, Статутот и актите на Институтот.

(2) Секој член на Институтот е должен:

1) да учествува во работата на Институтот,
2) континуирано професионално да се усовршува во согласност со закон,
3) да го почитува Статутот, актите и одлуките на Институтот,
4) совесно да ја врши својата професионална дејност,
5) да го чува угледот на професијата и да се придржува кон Законот и Кодексот на етика на професионалните сметководители,
6) редовно да ги ажурира своите податоци,
7) редовно да ја плаќа годишната членарина за членството во Институтот и
8) да ги исполнува другите должности утврдени со Законот, овој Статут и актите на Институтот.

**Член 11**

(1) Членувањето во Институтот на сметководителот односно овластениот сметководител престанува со негово бришење од соодветниот Регистар.

(2) Сметководителот односно овластениот сметководител се брише од соодветниот Регистар:
1) на сопствено барање;
2) доколку при уписот во регистарот дал невистинити податоци;
3) доколку не ја плати годишната членарина;
4) доколку е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци за кривични дела против имот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност се додека траат правните последици од пресудата;
5) доколку му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија или должност од областа на финансиите, платниот промет и стопанството, во периодот на времетраење на забраната;
6) доколку со правосилна судска пресуда му е изречена споредна казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност се додека траат правните последици од пресудата;
7) ако му е одземена деловната способност;
8) во случај на смрт на физичкото лице и
9) доколку физичкото лице го оствари правото на пензионирање.

(3) Сметководителот, односно овластениот сметководител, кому му престанало членството во Институтот, е должен да ги подмири своите обврски кон Иснтитутот.

(4) Со бришење од регистарот физичкото лице го губи правото за вршење на сметководствени работи и тоа:

1) трајно, во случаите од ставот (2) точки 1), 2),7) и 9) на овој член;
2) за период од три години, во случаите од ставот (2) точка 3) на овој член и
3) за периодот додека траат правните последици на судската пресуда, односно додека трае забраната во случајот од ставот (2) точки 5) и 6) на овој член.

(5) Одредбите од ставот (2) точка 3) и ставот (2) точка 2) на овој член не се применуваат доколку сметководителот односно овластениот сметководител биде избран или именуван на јавна функција за периодот додека му трае мандатот.

(6) За бришење од соодветниот регистар Управниот одбор на Институтот донесува решение, кое треба да биде образложено. Против ова решението физичкото лице може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 денови од прием на решението.

(7) За бришењето од соодветниот регистар, овластеното службено лице од Институтот во рок од пет дена од донесување на решението од ставот (6) на овој член по службена должност ги известува Централниот регистар и Управата за јавни приходи.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 12**

(1) За да се овозможи активна положба и улога на сите членови од територијата на Република Северна Македонија во остварувањето на работите и задачите на Институтот, Институтот формира подружници на територијален принцип за една или повеќе единици на локална самоуправа. Подружниците немаат својство на правно лице.
(2) За формирање и престанок на подружниците на Институтот одлучува Собранието на Институтот.

**Член 13**

(1) Подрачјето на една подружница опфаќа една или повеќе единици на локална самоуправа заедно со населените места кои гравитираат кон нив.
(2) Активните сметководителите и овластените сметководители, запишани во во Регистарот во сметководители, односно во Регистарот на овластени сметководители со живеалиште или престојувалиште на подрачјето на една подружница го сочинуваат членството на Институтот од таа подружница.

**Член 14**

Институтот има осум подружници, и тоа:
1) За подрачјето на град Скопје, општините во негов состав и населените места околу нив, со седиште во Скопје,
2) За подрачјето на: Битола, Охрид, Ресен, Струга и други општини и населени места околу нив, со седиште во Битола,
3) За подрачјето на: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Злетово, и други населени места околу нив, со седиште во Куманово,
4) За подрачјето на: Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Македонски Брод и други општини и населени места околу нив, со седиште во Прилеп,
5) За подрачјето на: Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и другите општини и населени места околу нив, со седиште во Тетово,
6) За подрачјето на: Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија, Богданци, Дојран и други општини и населени места околу нив, со седиште во Велес;
7) За подрачјето на: Штип, Кочани, Свети Николе, Виница, Делчево и другите населени места околу нив, со седиште во Штип и
8) За подрачјето на: Струмица, Берово, Пехчево, Радовиш и други општини и населени места околу нив, со седиште во Струмица.

**Член 15**

(1)Организацијата на подружниците детално се утврдува со Одлука на редовно Годишно Собрание на предлог на Управниот одбор.
(2)Начинот на работа на подружниците детално се утврдува од Страна на Собранието со посебен акт за работа на истите по предлог на Управниот одбор

(3)Седниците на подружниците можат да бидат организирани со физичко присуство на членовите на подружниците или електронски преку платформата на Институтот.

**Член 16**

(1) Избраните претставници на подружниците во Собранието на Институтот се должни да ги почитуваат и спроведуваат одлуките на Управниот одбор и Собранието.

**Член 17**

(1) Органи на Институтот се Собрание, Надзорен одбор, Управен одбор и Претседател.
(2) Членовите на органите се избираат од редот на членовите на Институтот, кои не се вработени во Институтот со право на повторен избор но не повеќе од два мандата последователно.

## СОБРАНИЕ
**Член 18**

(1) Собранието е највисок орган на Институтот.
(2) Собранието на Институтот го сочинуваат вкупно 50 претставници избрани од сите сметководители и овластени сметководители преку подружниците на Институт.
(3) Мандатот на секој избран претставник во Собранието на Институтот трае четири години, со можност за повторен избор.
(4) Секоја подружница има право да избере членови на Собранието, соодветно на бројот на регистрираните сметководители и овластени сметководители во подружницата во однос на вкупниот број на регистрираните сметководители и овластени сметководители на Институтот. Постапката за избор на претставници од подружниците во Собранието детално се уредува со Статутот на Институтот.
(5) Стручната служба на Институтот најмалку еднаш годишно, а најдоцна до 31 мај во тековната година на веб-страницата на Институтот објавува ажурирани и пречистени списоци на сметководители и овластени сметководители по подружници.
(6) Стручната служба на Институтот континуирано во текот на цела година ги ажурираа и прочистува списоците на сметководители и овластени сметководители по подружници и писмено ги известува Собранието за моменталната состојба пред одржување на секое Собрание.
(7) Пред одржување на Собранието на кое ќе бидат избрани органите, бројот и припадноста на членовите на подружницата, односно бројот на членовите на Собрание кои ќе бидат избрани од секоја подружница ги утврдува со одлука УО по претходно прибавено известување од стручната служба за моменталната состојба.
(8) Изборот на членовите на Собрание-претставници од подружниците го вршат членовите на подружницата согласно ажурираниот список на сметководители и овластени сметководители од став 8 од овој член, со просто мнозинство гласови од присутниот број на членови на седницата на подружницата.

(9) Претставниците на подружниците кои се членови на Собранието на Институтот, може да бидат отповикани со одлука која се носи со просто мнозинство од членовите на подружницата присутни на состанокот на подружницата.

(10) Прекинатиот мандат на претставник во Собранието го продолжува следниот избран член на подружницата и трае до истекот на постојниот мандат.

(11) Членовите на подружниците одлучуваат на состаноци кои се одржуваат задолжително еднаш годишно, најдоцна до 30 септември во тековната година, кои се свикуваат на иницијатива на претседателот на Институтот или со поднесување на писмена иницијатива до службите на Институтот потпишана од повеќе од 20% од членовите на подружницата кои се регистрирани во регистрите на Институтот во моментот на поднесувањето на иницијативата. (12) Одржувањето на состаноците на подружниците го одредува подносителот на иницијативата од ставот (11) на овој член и истите ги објавува јавно на веб-страницата на Институтот. За учество на состанок на подружница потребно е секој член на подружницата да го потврди своето присуство по електронски пат врз основа на поканата објавена од Институтот.

(13) За да може да се одлучува на состаноците на подружниците потребно е присуство на најмалку 20% од членовите на подружницата кои се регистрирани во регистрите на Институтот. Доколку на два последователни состаноци на една подружница не се обезбеди минимално учество на најмалку 20% од членовите на подружницата кои се регистрирани во регистрите на Институтот, одлуките на третиот последователен состанок се носат со просто мнозинство од присутните.

(14) Подружница не може да биде организирана со помалку од 200 членови. Сметководител односно овластен сметководител може да биде регистриран само во една подружница, согласно со постојното живеалиште.

**Член 19**

(1) Собранието на Институтот ги извршува следните работи:

1) го избира и отповикува претседателот и членовите на Управниот одбор на Институтот, со просто мнозинство од присутниот број на членови на седницата;
2) го избира и отповикува претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Институтот, со просто мнозинство од присутниот број на членови на седницата;
3) го избира и отповикува претседателот и членовите на комисиите на Институтот, со просто мнозинство од присутниот број на членови на седницата;
4)го донесува Статутот на Институтот;
5)ги разгледува и донесува сите акти на предлог на комисиите и усвоени од Управниот одбор на Институтот;
6)ги разгледува и донесува сите акти на предлог на Управниот одбор на Институтот;
6а) донесува Деловник за работа на Собранието;
7)ја утврдува висината на членарините;
8)ја утврдува висината на надоместоците за издавање на лиценци за работа;
9) ја донесува програмата за полагање на испит за стекнување статус на сметководител и овластен сметководител;
10) ја донесува програмата за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;

11) ја утврдува висината на надоместокот за полагање на испит за стекнување статус на сметководител и овластен сметководител;
12) ја утврдува висината на надоместокот за издавање на уверение за сметководител и овластен сметководител;
13) ја утврдува висината на надоместокот за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство;
14) ја одобрува работата на Надзорниот одбор на годишната седница;
15) го утврдува начинот на спроведување и полагање на испитот за стекнување статус на сметководител и овластен сметководител;
16) ја донесува годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот ;
17) предлага еден член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија од редот на членовите на Институтот;
18) го избира друштвото за ревизија;
19) ги усвојува годишната сметка, годишниот извештај за работа и ревизискиот извештај на годишната сметка за Институтот;
20) донесува Годишна програна за КПУ;
21) ја утврдува висината на надоместокот за КПУ.
22) одлучува за други прашања согласно ЗВСР.

(2) Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија дава согласност на актите од став (1) точка 4, 7, 9, 10, 16 ,19 и 21 и на тарифниците донесени од Институтот согласно став (1) точка 8, 11, 12 и 13.

**Член 20**

(1) Работата и начинот на одлучување на Собранието се регулираат со деловник на работа на Собранието.
(2) Собранието на Институтот работи на седници.
(3) Седницата на Собранието се свикува по потреба, а најмалку двапати годишно. Редовната седница на Собранието најдоцна до 15 април.
(4) Седниците на Собранието ги свикува Претседателот врз основа на одлука на Управниот одбор, а согласно член 18 од Законот за вршење на сметководствени работи.
(5) Претседателот на Институтот ќе свика седница во рок од 30 дена од донесување на одлуката на Управниот одбор.
(6) Во случај на спреченост на членовите на Собрание физички да присуствуваат на седниците, заради пандемија или друга општа спреченост, здравствен ризик или заради итна и неодножна потреба, седниците на собранието може да се одржуваат онлине преку електронски систем на Институтот.

**Член 21**

(1) Седниците на Собранието се свикуваат со писмена покана упатена до членовите на собрание на Институтот, во рок не пократок од 15 дена пред одржување на

седницата, преку јавна објава на веб страницата на Институтот, или со достава на адресата на електронската пошта на членовите на собрание.

(2) Поканата од став (1) од овој член содржи предлог точки за дневен ред, место и датум на одржување на седницата и време на почеток на работата на седницата на Собранието, со прилог на материјалите потребни за седницата на Собранието.

(3) Предлозите за измени и дополнувања на дневниот ред на Собранието се доставуваат до Институтот во писмена форма, најдоцна пет дена пред одржување на седницата.

**Член 22**

(1)Кворумот за работа на седница на Собранието постои доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на Собранието.

(2) Ако на Собранието не се обезбеди кворумот од став 1 на овој член, Собранието не може да почне со работа. Нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание) се закажува во рок од 3 дена од денот на закажаното Собрание за кое немало кворум за работа. Презакажаното Собрание се одржува најдоцна во рок од 15 дена од денот на закажаното Собрание за кое немало кворум за работа. Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание се објавува на начин на кој е објавено свикувањето на Собранието коешто немало кворум за работа.

(3) На презакажаното Собрание може да се одлучува само за прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на Собранието без оглед на бројот на присутните членови.

**Член 23**

(1) Одлуките на Собранието се донесуваат со просто мнозинство (50% плус 1) од присутните членови со право на глас, освен ако со овој Статут или закон не е определено поголемо мнозинство.

(2) Секој член на Собранието има по еден глас при одлучувањето седиците на Собранието.

(3) Членовите на Собранието немаат право на глас за прашања кои лично ги засегаат нив, нивен содружник, нивен вработен, роднина до втор степен на сродство или правно лице во чие раководење тие учествуваат или во кое имаат финансиско учество.

(4) Собранието своите одлуки ги донесува со јавно гласање. По исклучок, Собранието може да одлучи за определено прашање да се гласа тајно.

**Член 24**

(1) Со седницата на Собранието претседава претседавач на Собранието.

(2) Претседавачот на Собранието го избира Собранието од редот на членовите, со просто мнозинство од присутните членови.

(3) За претседавач на Собранието не може да биде избран член на Управен или Надзорен одбор.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Член 25**

(1) Надзорниот орган е орган за надзор врз законитоста на материјално-финансиското работење и правилноста на работата на Институтот.
(2) Надзорниот одбор го сочинуваат претседател и четири члена со мандат од четири години без право на повторен избор.
(3) Членовите на Надзорниот одбор не можат да бидат членови на други органи и комисии на Институтот.
(4) Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор, на кои е потребно да присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Надзорниот одбор.
(5) Доколку претседателот на Надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, состаноците на Надзорниот одбор ги свикува и раководи член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови од мнозинството на сите членови на Надзорниот одбор.
(6) Надзорниот одбор одлуките ги донесува со јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните членови на седницата. Во случај на поделба на гласовите одлучувачки е гласот на претседателот.
(7) Надзорниот одбор на Институтот ги има следните надлежности:

1) врши периодични контроли на материјалното и финансиското работење на Институтот;
2) ги разгледува годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот и дава мислење по истата до Собранието на Институтот;
3) ги разгледува годишната сметка и годишниот извештај за работа на Институтот и дава мислење по истата до Собранието на Институтот;
4) навремено до Собранието на Институтот иницира постапка за избор на правно лице за изготвување ревизорски извештај на годишната сметка на Институтот;
5) предлага до Собранието на Институтот разрешување на претседателот на Институтот или членови на Управниот одбор, во случај на несовесно и неправилно работење;
6) го одобрува Деловникот за работа на Управниот одбор;
7) ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор;
8) врши контрола над работењето на Институтот согласно со закон, Статутот и другите акти на Институтот;
9) предлага мерки кои треба да бидат преземени за спроведување и отстранување на неправилностите и незаконитостите во работата на Институтот;
10) поднесува извештај за своето работење до Собранието на Институтот заради одобрување;
11) поднесува извештај за своето работење до Советот заради информирање и
12) врши други работи во согласност со закон.

(8) Во случај на предвремен престанок на мандатот на претседателот и/или членовите на Надзорниот одбор, Собранието по можност веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена

од денот на отповикувањето, избира нов претседател и/или нови членови на Надзорниот одбор. До изборот на нов претседател и/или член на Надзорниот одбор, постојниот претседател, односно член на Надзорниот одбор, ќе ја врши функцијата не подолго од шест месеци од отповикувањето.

**Член 26**

(1) Работата, начиот на гласање и други прашања поврзани со работењето на Надзорниот одбор се уредуваат со деловник за работа, донесен од страна на Надзорниот одбор.
(2) Надзорниот одбор работи и одлучува на седници кои се одржуваат според потребите на работењето, а најмалку еднаш на три месеци.
(3) Секој член на Надзорниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на Надзорниот одбор да свика состанок на Надзорниот одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од петнаесет дена од денот кога е поднесено барањето.
(4) Надзорниот одбор до Собранието на Институтот поднесува извештај за својата работа.

## УПРАВЕН ОДБОР

**Член 27**

(1) Со Институтот управува Управен одбор. Управниот одбор е извршен орган на Собранието.
(2) Управниот одбор го сочинуваат претседател и четири члена со мандат од четири години без право на повторен избор. Претседателот на Управниот одбор е претседател на Институтот.
(3) Управниот одбор на Институтот ги има следните надлежности:

(1) ги подготвува и предлага годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот;
(2) ги подготвува годишната сметка и годишниот извештај за работењето на Институтот;
(3) ја предлага висината на членарините;
(4) ја предлага висината на надоместокот за издавање на лиценци за работа;
(5) ја предлага висината на надоместокот за полагање на испит за здобивање статус на сметководител и овластен сметководител;
(6) ја предлага висината на надоместокот за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство во согласност со закон;
(7) одлучува за запишување и бришење на членовите во регистрите на Институтот;
(8) ја усвојува годишната програма за континуирано професионално усовршување предложена од Комисијата за образование, обука и публикации;
(9) ја предлага висината на надоместокот за континуирано професионално усовршување;
(10) ја усвојува годишната програма за контрола на работењето на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи;

(11) ја предлага програмата за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;

(12) ги разгледува извештаите од извршената контрола на работењето на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи и покренува прекршочна постапка;

(13) издава и одзема лиценци за работа;

(14) ги предлага членовите на комисиите;

(15) предлага формирање на постојани или повремени комисии и нивен престанок,

(16) го предлага актот за висината на платите за претседателот на Институтот, секретарот и за вработените во стручната служба на Институтот, како и сите надоместоци за членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите и за Собранието на Институтот;

(17) одлучува за прием на донации;

(18) се грижи за наплата на членарините;

(19) ги извршува одлуките на Собранието на Институтот;

(20) го донесува етичкиот кодекс на Институтот;

(21) тековно ги ажурира податоците од Регистарот на сметководители и овластени сметководители и субјектите што вршат сметководствени работи

(22) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители и субјектите што вршат сметководствени работи до Централниот регистар најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година;

(23) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители до Управата за јавни приходи најмалку еднаш месечно;

(24) врши контрола и ажурирање на податоците во Регистарот на сметководители и овластени сметковоидители, кои ги доставува до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи и соработува со нив за успешно спроведување на прописите на сметководството и на закон;

(25) донесува интерен акт за начинот за чување на личните податоци и информации ,

(26) Предлага измени и дополнувања на Статутот на Институтот до Собранието;

(27) донесува Правилник за дисциплинска одговорност,

(28) ги усвојува сите акти на предлог на комисиите;

(29) остварува соработка со институциите на државата, како и соработка со здруженија и организации;

(30) остварува соработка со сметководствени здруженија и асоцијации во РСМ и во други држави и меѓународни институции и донесува Одлука за зачленување во истите;

(31) разгледува предлози, ги проучува и по нив зазема став или донесува одлуки што се од интерес за сметководствената професија;

(32) соработува во подготовките на прописите што се однесуваат на сметководствената професија и истите ги предлага;

(33) ја следи состојбата на сметководствената професија и дава препораки и мислење за поуспешно извршување на истата;

(34) донесува Правилник за систематизација на работните места во стручната служба;

(35) Одлучува за склучување на договори за дело и го определува надоместокот;

(36) донесува годишна програма за контрола на квалитет на субјектите на контрола;

(37) Предлага и други акти до Собранието на Институтот;
(38) Донесува акти кои уредуваат определени области;
(39) Донесува одлуки и други акти кои по својата природа се општи акти;
(40) Ги врши сите останати работи кои со овој Статут не се во надлежност на друг орган;
(41) врши други работи во согласност со закон.

**Член 28**

Актите од член 27 од овој Статут кои ги предлага, усвојува и донесува Управниот одбор, Управниот одбор ги доставува до Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија на разгледување и по потреба нивно одобрување, доколку истата е предвидена согласно ЗВСР.

**Член 29**

(1) Работата, начинот на гласање и другите прашања поврзани со работењето на Управниот одбор се уредуваат со деловник за работа, донесен од страна на Управниот одбор.
(2) Управниот одбор работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно.
(3) Седница на Управниот одбор свикува и со неа раководи претседателот на Управниот одбор. Седница на Управниот одбор може да се свика и на барање на мнозинство од вкупниот број членови на Управниот одбор.
(4) За полноважност на одлуките на Управниот одбор потребно е на седницата да присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Управниот одбор. Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор. Во случај на поделба на гласовите одлучувачки е гласот на претседателот.
(5) Доколку претседателот на Институтот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, состаноците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи член на Управниот одбор избран со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.
(6) Одлуките на Управниот одбор се објавуваат на веб-страницата на Институтот во рок од 48 часа од денот на нивното донесување, односно нивното одобрување од страна на Советот.
(7) Управниот одбор заради информирање на квартално ниво до Надзорниот одбор поднесува извештај за своето работење во рок од 30 дена од истекот на кварталот.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 30**

(1) Претседателот на институтот истовремено е и Престедател на Управниот одбор, кој го избира Собранието од редот на членовите на Управниот одбор.

(2) Претседателот на Институтот ја врши својата функција професионално со полно работно време и има право на плата. Висината на платата на претседателот може да изнесува најмногу до три просечни месечни исплатени нето-плати по вработен во месец декември во претходната година согласно со податоците од Државниот завод за статистика.

(3) Претседателот на Институтот:

(1) го претставува и застапува Институтот;
(2) се грижи Институтот да работи во согласност со закон;
(3) ги спроведува одлуките на Собранието на претставници на подружниците на Институтот;
(4) потпишува налози за исплата од сметката на Институтот;
(5) одлучува по приговори по изречени мерки во дисциплинска постапка;
(6) ја извршува одлуката донесена во дисциплинска постапка;

(7) врши други работи предвидени со закон.

(4) За спроведување на надлежностите утврдени во став три од овој член, Претседателот по потреба може да формира работни тела составени од стручни лица.
(5) За претседател на Институтот може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

(1) има работно искуство како сметководител или овластен сметководител од најмалку пет последователни години до денот на поднесување на кандидатура;
(2) е во редовен работен однос и има поднесено програма за работа и развој на Институтот за четиригодишниот мандат;
(3) да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и
(4) да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

(5) Мандатот на претседателот е четири години, без право на повторен избор.
(6) Предлог за отповикување на претседателот на Институтот до Собранието на Институтот поднесуваат најмалку половина од вкупниот број на членовите на Управниот одбор или половина од избраните претставници од подружниците на Собранието на Институтот или 10% од вкупното членство на Институтот.
(7) На претседателот на Институтот за време на мандатот му мирува работниот однос, а не му мирува членството во Институтот.

## КОМИСИИ НА ИНСТИТУТОТ

### Член 31

Заради вршење на работите од својот делокруг Институтот ги формира следните комисии:

(1) Дисциплинска комисија;
(2) Комисија за стандарди за финансиско известување;
(3) Комисијата за образование, обука и публикации;
(4) Комисијата за контрола на квалитет ;
(5) Комисијата за меѓународни контакти и зачленување

**Член 32**

(1) Претседателите и членовите на комисиите ги избира и отповикува Собранието на Институтот, со просто мнозинство од присутниот број на членови на седницата, по претходно предлог на Управниот одбор.
(2) Членовите на комисиите се избираат од редот на членовите на Институтот, со право на повторен избор , но не повеќе од два мандата последователно.

**Член 33**

(1) За претседател и член на комисија може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи:

1) е активен член во Институтот;
2) е запишан во Регистар на сметководители или Регистар на овластени сметководители;
3) не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии , платниот промет, стопанството и службената должност;
4) не му е изречена прекршочна санкција, односно кана забрана за вршење професија, дејност или должност.

(2) Надворешните членови во комисиите треба да ги исполнува само општите услови од став 1 точка 3 и 4.
(3) Претседател и член на комисија не може да бидат членови на други комисии на Институтот.
(4) Во органите и комисиите на Институтот не може да биде избрано повеќе од едно лице кое е вработено или е основач на ист трговец поединец-сметководител, трговец поединец-овластен сметководител и друштво за вршење сметководствени работи.

**Член 34**

(1)Работата, начинот на гласање и други прашања во врска со работењето на комисиите се уредуваат со деловник за работа.
(2)На седниците на комисиите можат да бидат повикани и да учествуваат во нивната работа без право на одлучување претставници на заинтересирани органи и организации, како и други стручни, научни и јавни работници.
(3)За да може да работи, на седницата треба да присуствуваат мнозинство членови на комисијата.
(4)Комисиите донесуваат одлуки, ставови, препораки и заклучоци со просто мнозинство гласови од присутните членови.

## ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

### Член 35

(1) Дисциплинската комисија води дисциплинска постапка против сметководител односно овластен сметководите и изрекува дисциплински мерки во согласност со Законот за вршење на сметководствени работи.

(2) Дисциплинската комисија е составена од пет члена со мандат од две години. Претседателот и членовите на дисциплинската комисија ги избира Собранието на Институтот на предлог на Управниот одбор, од кои тројца членови од редот на членовите на Институтот и двајца членови се надворешни стручни лица од областа на деловното право, финансиите, сметководството и ревизијата.

## КОМИСИЈА ЗА СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Член 36

(1) Комисијата за стандарди за финансиско известување се состои од непарен број на членови и тоа најмалку три а намногу пет члена со четиригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Во Комисијата за стандарди за финансиско известување покрај другите членови, задолжителен член е и еден член универзитетски професор од областа на сметководството и ревизијата

(3) Комисијата за стандарди за финансиско известување ги врши следните работи и задачи:

1)следење на измените и дополнувањата, и донесувањето на нови МСФИ и МСФИ за МСС,
2)подготвување и поднесување, во име на Институтот, коментари на нацрт документи или документи за дискусија, како и одговори на прашалници изготвени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди или други тела и
3)врши и други работи во согласност со одлуките и препораките на Управниот одбор.

## КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И ПУБЛИКАЦИИ

### Член 37

(1) Комисијата за образование, обука и публикации се состои од непарен број на членови и тоа најмалку три, а најмногу пет члена, со четиригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Комисијата за образование, обука и публикации покрај другите членови задолжителен член е и еден член универзитетски професор од областа на образованието, методиката и дидактиката во наставата.

(3) Комисијата за образование, обука и публикации врши работи и задачи во согласност со акт донесен од Управниот одбор на Институтот и деловникот за работа.

## КОМИСИЈА ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

**Член 38**

(1) Комисијата за контрола на квалитет се состои од три члена, со четиригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Комисијата за контрола на квалитет врши работи и задачи во согласност со акт донесен од Управниот одбор на Институтот и деловникот за работа.

## КОМИСИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНИ КОНТАКТИ И ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

**Член 39**

(1) Комисијата за меѓнародни контакти и зачленување се состои од од непарен број на членови и тоа најмалку три, а најмногу пет члена, со четиригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Комисијата за меѓународни контакти и зачленување врши работи и задачи во согласност со акт донесен од Управниот одбор на Институтот и деловникот за работа.

## ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО КОМИСИЈА И ЧЛЕН ВО ОРГАН НА ИНСТИТУТОТ

**Член 40**

(1) Членството во комисиите и членството во органите на Институтот може да престане пред истекот на мандатот за кој се именувани, со разрешување ако:

- членот сам побара и поднесе оставка до Собранието на Институтот,
- членот ја прекрши обврската за заштита на личните и доверливите податоци,
- на членот му престане членството во Институтот и е избришан од соодветниот регистар и
- неоправдано отсуствува од три седници на органите на Институтот и на комисиите.

(2) Членството во комисиите и членството во органите на Институтот престанува со истек на мандатот, во случај на повеќемесечна или трајна спреченост и во случај на смрт.

(3) Во случај на предвремен престанок на мандатот на членството во комисиите и членството во органите на Институтот, Управниот одбор во рок од 60 дена од денот на разрешувањето односно од денот на престанокот од ставот (2) на овој член на Собранието на Институтот му предлага друго лице до истекот на мандатот на членот на кој му престанува вршењето на должноста.

(4) За престанокот на мандатот во случаите од ставот (1) на овој член, Собранието на Институтот донесува одлука за разрешување на првата наредна седница од настанувањето на причините за престанокот на мандатот.

(5) При поднесување неотповиклива оставка од страна на претседател на Управниот одбор на Институтот, на Надзорниот одбор и на комисиите на Институтот, до избор на нов, функцијата ја врши најстариот член на органот или на комисијата. При поднесување оставки на две третини од членовите на Управниот и на

Надзорниот одбор или на комисиите на Институтот, остатокот од членовите ја извршуваат должноста до изборот на нови членови.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА ИНСТИТУТОТ

### Член 41

(1) Тековното работење на Институтот го врши стручна служба. Со стручната служба раководи секретар избран преку јавен оглас.
(2) Вработените во стручната служба се професионално ангажирани, со полно работно време и имаат право на плата и други надоместоци согласно со општите прописи од работните односи.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ИНСТИТУТОТ

### Член 42

(1) Институтот средствата за финансирање на своето работење ги обезбедува од следниве извори:

1) годишни членарини од вршители на сметководствени работи;
2) надоместоци за издавање на лиценци за работа за трговец поединец - сметководител, трговец поединец - овластен сметководител и друштво за вршење сметководствени работи;
3) надоместоци за полагање на испит за стекнување сатус на сметководител и овластен сметководител;
4) надоместоци за издавање уверенија за сметководител и овластен сметководител;
5) надоместоци за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство;
6) надоместоци од спроведување на континуираното професионално усовршување;
7) донации и
8) наплатени парични казни за изречени дисциплински мерки
9) други приходи.

(2) Членовите на Институтот се должни да плаќаат членарина, која се плаќа еднаш годишно, однапред од 01.01.-30.11 во тековната година.

(3)Институтот доставува до членовите кои не платиле членарина известување со обврска во рок од 8 (осум) дена да ја платат членарината.

(4) По истекот на овој рок Институтот ќе покрене постапка за наплата на долг од членот на Институтот. Во случај кога членот на Институтот е избришан од соодветниот регистар, наплатата на долг ќе се бара како од физичко лице.

(5) Постапката за наплата на долг е независна од примената на одредбите за бришење од регистарот заради неплаќање членарина

6)Надоместокот од ставот (1) точка 6) на овој член се утврдува во висина од 5% од нето - надоместокот без вклучен данок на додаден вредност од секој учесник на обука за континуирано професионално усовршување. Правните лица кои одржуваат обуки за континурано професионално усовршување се должни до Институтот на квартално ниво, заради утврдување на износот на надоместокот, да достават извештај за вкупен број на присутни лица во тековната година, како и износ на наплатени надоместоци, најдоцна до двесет и петти во месецот по завршување на секој квартал.

7)Институтот обезбедените средства од ставот (1) на овој член ги користи за намените согласно со годишниот финансиски план.

8)Нереализираните средства од годишниот финансиски план за тековната година се пренесуваат во годишниот финансиски план за наредната година.

Член 42-а

1) Членовите на Институтот се должни при секое поднесено барање за превземање дејствија, упис на промена или мирување или барање за бришење да уплатат на сметка на Институтот износ одреден согласно став 3 на овој член на име трошоци на постапка.

2) Членовите на Институтот се должни при секое поднесено барање за мирување на уверение, упис на промена или бришење од соодветниот Регистар, други промени, изготвување на документи и издавање на информација од стручната служба и органите на Институтот (потврда, решение и друго), да уплатат на сметка на Институтот износ одреден согласно став 3 на овој член, на име трошоци за мирување на уверение, упис на промена, бришење од соодветниот Регистар, други промени, изготвување на документи и издавање на информација.

3) Висината на износите од став 1 и 2 на овој член се утврдува со Одлука на Управниот одбор.

## КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

**Член 43**

(1) Заради надградување на знаењето во областа на сметководството, сметководителите се должни да посетат обука за континуирано професионално усовршување.

(2) Обуките за континуирано професионално усовршување ги спроведува Институтот и правни лица кои даваат услуги за советување и едукација од областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното право и работните односи, а кои имаат одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување издадено од Институтот и се запишани во Регистарот на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување.

(3) Постапката и утврдувањето на исполнетоста на критериумите за издавање на одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување се врши согласно Законот за сметководствени работи.
(4) Правилникот и годишната програма за континуирано професионално усовршување, начинот на спроведување на обуките, начинот на вреднување, признавање и докажување континуирано професионално усовршување, оправданите причини за отсуство од континуирано професионално усовршување, другите облици на континуираното професионално усовршување, водењето евиденција за континуираното професионално усовршување и други работи во врска со организирањето и спроведувањето на континуирано професионално усовршување, ги утврдува Управниот одбор на Институтот по претходна согласност на комисијата за образование, обука и публикации при Институтот.

## РЕГИСТРИ

### Член 44

(1) Институтот ги води следниве регистри:

1) Регистар на сметководствени приправници,
2) Регистар на сметководители;
3) Регистар на овластени сметководители;
4) Регистар на трговци поединци - сметководители;
5) Регистар на трговци поединци - овластени сметководители;
6) Регистар на друштва за вршење сметководствени работи и
7) Регистар на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување.

(2) Институтот регистрите од ставот (1) на овој член ги води и електронски, при што податоците ги објавува на својата веб-страница и истите континуирано ги ажурира.
(3) За сите уписи и бришења од смеодветниот Регистар идлучува Управниот одбор на Институтот.

## СОРАБОТКА НА ИНСТИТУТОТ

### Член 45

(1) Институтот соработува со други професионални организации, институции, државни органи и со меѓународни организации. Соработката се остварува со непосредни контакти, преку размена на информации, објавување на публикации, преку организирање на конгреси, семинари, советувања и сл.
(2) Институтот, со одлука на Управниот одбор, може да се зачленува во соодветни меѓународни организации и здруженија.

## ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

**Член 46**

(1) Институтот е должен да ги чува десет години сите документи, податоци и информации, стекнати или создадени согласно закон и да ги штити личните податоци.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 47**

(1) Институтот, вклучувајки ги вработените, членовите на органите и членовите на комисиите на кои им се достапни податоците согласно законот, се должни да ги користат единствено за целите и овластувањата утврдени со закон, а особено личните податоци, согласно со прописите за заштита на личните податоци.

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТ

**Член 48**

(1) Собранието ги донесува измените и дополнувањата на Статутот на Институтот.

(2) Управниот одбор може до Собранието да поднесе предлог за изменувања и дополнувања на Статутот.

(3)Најмалку една третина од вкупниот број од избраните претставници од подружниците во Собранието на Институтот на членови на Институтот можат да поднесат предлог за изменувања и дополнувања по писмен пат, и тоа најмалку 15 дена пред одржување на закажаната седница на Собранието.

(4) Собранието ги усвојува предложените измени и дополнувања на Статутот доколку за нив гласало мнозинството од вкупниот број избрани претставници од подружниците на седницата на Собранието на Институтот.

**Член 49**

(1) Сите општи акти на Институтот ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ

**Член 50**

(1) Институтот може да престане со работа само врз основа на закон.

(2) По престанокот на работењето, имотот на Институтот, по намирување на сите обврски, ќе се распредели на членовите на Институтот пропорционално со учеството на истите во стекнувањето на имотот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

(1) Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот за унапредување и надзор на сметковоствената професија на Република Северна Македонија

(2) Со денот на примената на овој Статут, престанува да важи Статутот на Институтот донесен на седницата одржана на 21.07.2016година.

(3) Овој Статут се објавува на веб страницата на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

Претседател на ИСОС
Весна Прентоска

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ИСОС